**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03 - 6112/1

Скопје 30.11.2016г.

**Предмет: Десетти дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува десеттиот дневен извештај за време на изборната кампања, за 30 ноември 2016 година.

Привремената комисија за следење на медиумското претставување донесе одлуки за известувањето на радиодифузерите во осмиот извештаен период (од 11 до 20 ноември 2016 година), и му предложи на директорот на Агенцијата, да изрече мерки, односно да поведе прекршочни постапки против ТВ Нова ДООЕЛ Скопје, против ТВ Алфа ДООЕЛ Скопје и против ТВ Сител ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 75 став 1 од Изборниот законик. Во прилог Ви ги испраќаме предлозите за изрекување мерки.

Привремената комисија за следење на медиумското претставување донесе одлуки за известувањето на радиодифузерите за време на кампања, и му предложи на директорот на Агенцијата, да изрече мерки, односно да поведе прекршочни постапки против Алсат-М ДОО Скопје заради прекршување на член 75-ѓ став 1 и против Телевизија Нова ДООЕЛ Скопје за повреда на член 76 став 4 од Изборниот законик, како и против Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, заради констатирано прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик. Во прилог Ви ги испраќаме предлозите за изрекување мерки.

Воедно, Привремената комисија за следење на медиумското претставување до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, достави Предлог за повлекување на поднесеното Барање до надлежниот суд, за поведување прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје и одговорното лице на радиодифузерот. Во прилог Ви го испраќаме и тој предлог.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на Директорот**

...............................................

**м-р Магдалена ДАВИДОВСКА - ДОВЛЕВА**


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009